ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 10/23



18.04.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за**

**Избор на наставник во сите насловни звања по група стручно-уметнички предмети од областа Дизајн на ентериер (60712 Фраскатиева класификација) – 1 /еден/ извршител на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Скопје, на 223-та седница одржана на 11.04.2023 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер“ од 20.03.2023 година, со Одлука бр. 02-377/1 формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група стручно-уметнички предмети од областа на Дизајн на ентериер (60712 Фраскатиева класификација) – 1 извршител, во состав: проф. д-р Мишко Ралев, претседател, проф д-р Гордана Вренцоска, член и доцент м-р Елена Филиповска, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања по стручно-уметнички предмети од областа на Дизајн на ентериер – 1 извршители се пријави 1 (еден) кандидат: **м-р Стојан Павлески**. По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ - Скопје, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот **м-р Стојан Павлески,** согласно распишаниот конкурс, достави Пријава по конкурс, професионална биографија, уверение за државјанство, извод од матична книга на родени, доказ за завршено соодветно високо образование втор циклус и портфолио со признати уметнички и стручни дела.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Стојан Павлески е роден на 7 јули 1976 година во Скопје. Дипломирал на Архитектонскиот факултет и на Факултетот за ликовни уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрирал на Архитектонскиот факултет. Студент на втор циклус студии при Факултетот за ликовни уметности, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Учествувал на повеќе групни ликовни изложби во земјава и во странство. Автор и куратор е на проектот „Ничија земја“ (2016), претставник на 15. Венециско биенале за архитектура и на повеќе наградени меѓународни конкурсни решенија од областа на архитектурата. Основач и дел од креативниот тим на архитектонското студио Стоун Дизајн од Скопје формирано во 1998 година, со 25 години искуство во активна проектанска дејност.

**<u>ОБРАЗОВАНИЕ</u>**

Во тек - студии на втор циклус на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Факултет за ликовни уметности

2023 Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Архитектонски факултет,

Магистер Инженер Архитект
2015 Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Факултет за ликовни уметности,
Дипломиран Ликовен педагог со сликарство
2014 Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Архитектонски факултет,
Дипломиран Инженер Архитект.

## РАБОТНО ИСКУСТВО

Од 1998 до сега, Основач и дел од креативниот тим на архитектонско студио Стоун дизајн, со 25 години искуство во активна проектантска дејност. Во текот на својата работа проектирани и зведени преку 300 решенија за дизајн на ентериер.

## НАГРАДИ

2013 Прва награда на конкурс за решение за Телекомуникациска кула во Скопје
2014 Прва награда на конкурс за решение за Универзална сала и Конгресен центар во Скопје

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

### Селектирани ликовни и архитектонски изложби и конкурсни решенија

- 7- мо Биенале на Млади Уметници, Музеј на Современата уметност (МСУ), Скопје, 2005
- VI. Студентско Интернационално Арт Биенале, Музеј на Град Скопје, 2005
- Изложба во рамки на манифестацијата „Бела ноќ", Музеј на град Скопје, 2005
- Групна изложба на селектирани трудови, ФЛУ, Чифте Амам, Национална Галерија, Скопје, 2006
- 16то Биенале за македонска архитектура - БИМАС, Музеј на град Скопје, 2012
- Првонаградено конкурсно решение за Телекомуникациска кула во Скопје, 2013
- Првонаградено конкурсно решение за Универзална сала и Конгресен центар во Скопје, 2014
- Групна изложба ПАТЕМ365, Галерија АЖ (Ателје Житњак), Загреб, 2016
- 15. Венециско биенале за архитектура (Арсенале), 2016
- „Ничија земја", Музеј на Современата уметност (МСУ), Скопје, 2017
- Групна изложба Патем – Друштво со ограничена одговорност, Градска библиотека Гоце Делчев, Народен театар – Гевгелија, 2017
- Групна изложба ПАТЕМ – Друштво со ограничена одговорност, Галерија ФЛУ- Скопје, 2018
- 4. Балканско Архитектонско Биенале - БАБ, Кино Балкан, Белград, Србија, 2019
- Самостојна изложба „Глува соба", Чифте Амам, Национална галерија, Скопје, 2021
- 17 - то издание, манифестација „Бела ноќ", Чифте Амам, Национална галерија, Скопје, 25 Септември, 2021
- Европски денови на културно наследство, Инклузивно наследство, Национална галерија, Скопје, 22-28, Септември, 2021
- Самостојна изложба „Сенки на заедничкото", 2022, Архитектонски факултет, Скопје

### Селектирани архитектонски проекти

- Автор на Ентериерно решение за Деканат на Медицински Факултет, Скопје, 2007
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Станбен објект на ул. Црвена Вода бр.7 ,Скопје, 2010/2011
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Станбен објект на ул. 50-та Дивизија бб. Скопје, 2011

- Автор на Конкурсно решение за Телекомуникациска Кула на Водно, Прва награда, соработник во Основен проект и Проектантски надзор, 2011
- Автор на Идеен Проект за Кула и Спортски центар за студентски олимписки игри Алма Ата, 2011
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Индивидуална куќа на ул. Јан Хус бр.14, Трнодол, Скопје, 2011/2012
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор на две Индивидуални куќи во Неа Моуданиа, Грција, 2012
- Автор на Проект за Ентериерно решение на на Хотел Солун, Скопје, 2012
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Станбен објект на ул. Дебарца бр. 43, Скопје, 2012/2013
- Автор на Проект за Ентериерно решение на Бутик Хотел FORVM Трст, Италија, 2012/2013
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Станбен објект на ул. Димитар Мирчев бб. Скопје, 2013
-Автор на Проект за Ентериерно решение на Административен објект во Пеќ, Косово, 2013
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Станбен објект на ул. Дебарца бр.13, Скопје, 2013/2014
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Индивидуална куќа на ул. Ѓорѓе Скрижевски бб. Скопје, 2013/2014
- Автор на Проект за Ентериерно решение на Административен објект за телекомуникации Албафон, Скопје 2014
- Автор на Проект за Ентериерно решение на Хотел Русија, Скопје, 2014
- Автор на Основен Проект за Биогасна Централа Логоварди, Битола, 2014/2015
- Автор на Основен Проект за Биогасна Централа Новаци, Битола, 2014/2015
- Автор на Основен Проект за Биогасна Централа Могила, Битола, 2014/2015
- Автор на Основен Проект и Проектантски надзор при изведба на Станбен објект на ул. Радњанска бр.4 ,Скопје, 2014/2015
- Автор на Проект за Ентериерно решение на Принц кафе, Бронкс, Њујорк, 2016
- Автор на Проект за Фасадно решение на Аџибадем Систина, 2016
- Автор на Проект за Пешачки мост преку Вардар, пред Здравствен центар Систина, Скопје, Македонија, 2017
- Автор на Проект за Основен проект на Хотел Парк, Скопје, 2017
- Автор на Идеен проект за станбено домување во Ессен Германија, 2017
- Автор на Основен Проект за Хотел Лондон, Скопје, 2017
- Автор на Проект за Комплекс станбени куќи во Бардовци, Бардвил, населба Бардовци, Скопје, 2018
- Автор на Проект за Ентериерно решение на Хотел Солун, Трст, Италија, 2018
- Автор на Основен Проект, Хотел Су, Охрид, 2019
- Автор на Идеен проект за Треининг центар, Или кафе, Скопје, 2017
- Учество по повик на Конкурс за Неом, Саудиска Арабија, 2022
- Учество по повик на Конкурс за изработка на идејно решение за Спа Ресорт 15 000 м2, Неом (Лајн), Саудиска Арабија, 2022
- Учество по повик на Конкурс за изработка на Хотелски Ресорт 60 000 м2, Неом (Лајн), Саудиска Арабија, 2022
- Автор на Ентериерно решение за Деканат и галерија на Деканат за Архитектонски Факултет, Скопје, 2023

**РЕЦЕНЗИЈА**

**М-р Стојан Павлески** завршува прв и втор циклус студии по архитектура и прв циклус студии по ликовна педагогија со сликарство. Својата професионална кариера ја започнува со основањето на веќе реномираното архитектонско студио СТОУН ДИЗАЈН ДОО, во кое работи на голем број проекти од областа на архитектурата и дизајнот на ентериер, како решенија за хотели, кафе барови, станбени објекти, административни објекти, индустриски објекти, концертни и конгресни сали, спортски центри, пешачки мост, телекомуникациска кула и други објекти, во земјата, но и во други земји, како: Италија, Германија, Грција, Косово, САД, Казахстан, Саудиска Арабија. Меѓу проектите наменети за локации во Македонија, со оригиналност и препознатлив дизајн се издвојуваат: Хотел Русија, Хотел Солун, Универзална сала, индустриски капацитет КОМОДИТА, Телекомуникациската кула АЕК. Во текот на својата работа се проектирани и зведени преку 300 решенија за дизајн на ентериер.

Со проектот „Ничија земја“, Стојан Павлески, како автор и куратор, заедно со тимот други автори и соработници се впишува во избраните националните претставници на 15. Архитектонско биенале во Венеција, престижна манифестација со меѓународен карактер.

Паралелно со архитектурата, Павлески се бави и со ликовната уметност, а за своите проекти користи различни уметнички материјали и медиуми, како дрво, метал, мермер, плексиглас, фотографија, видео, дигитални отпечатоци, објекти и инсталации. Во неговите проекти се забележува концептуалниот и мултимедијалниот пристап. Веќе реализирал две самостојни изложби, а учествувал во значаен број групни изложби со домашен и меѓународен карактер.

За својата работа ги добил следниве награди: Во 2013 година освоил Прва награда на конкурс за решение за Телекомуникациска кула во Скопје, а во 2014 Прва награда на конкурс за решение за Универзална сала и Конгресен центар во Скопје.

## КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал еден кандидат за кој се потврдуваат следните констатации:

- Кандидатот **м-р Стојан Павлески** има завршено соодветно високо образование од прв и втор степен академски студии, и тоа магистерски и дипломски студии по архитектура, и дипломски студии по ликовна педагогија со сликарство;
- Има долгогодишно работно искуство и реализирани проекти во областа на архитектурата и дизајнот на ентериер;
- Има реализирано две самостојни изложби и учество во повеќе групни уметнички изложби и биеналиња;
- Бил автор и куратор на проект – претставник на Р. Македонија на 15. Венециско биенале за архитектура;
- Добил награди во струката;
- Има способност за извршување настава во рамки на високото образование.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од областа на Дизајн на ентериер (60712 Фраскатиева класификација) – 1 извршител на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Република Македонија во Скопје, објавен на 20.03.2023 во весникот „Вечер“, се пријави еден кандидат **м-р Стојан Павлески.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ги неговите досегашни образование, стручно-уметнички активности и работно искуство, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-

научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет, Скопје да го избере **кандидатот м-р Стојан Павлески во насловно звање доцент по група стручно-уметнички предмети од областа на Дизајн на ентериер**, согласно член 175 став 1 и 182 од Законот за високото образование.

Скопје, април 2023

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Ред. проф. д-р Мишко Ралев, претседател

Ред. проф. д-р Гордана Вренцоска, член

Доц. м-р Елена Филиповска, член